**Известување за концентрација помеѓу Телемах, широкопојасна комуникација д.о.о.. Словенија и Елкател, друштво за електронски инженеринг, маркетинг и продажба, д.о.о. Пиран Словенија (предмет бр. 08-41/2020)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 11.03.2020 година, а дополнето на 19.03.2020 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнувањето на контрола од страна на Телемах, широкопојасна комуникација д.о.о. (Telemach, širokopasovne komunikacije d.o.o.), со седиште на адреса Брнчичева улица 49А, 1231 Љубљана – Чрнуче, Словенија, над трговското друштво Елкател, друштво за електронски инженеринг, маркетинг и продажба, д.о.о. Пиран (Elcatel, podjetje za inženiring elektronskih naprav, marketing in prodajo, d.o.o. Piran), со регистрирано седиште на адреса Левстикова улица 7, 6330 Пиран, Словенија.

**Телемах, широкопојасна комуникација, д.о.о.** е интегриран телекомуникациски оператор во Словенија, кој обезбедува услуги на фиксна и мобилна телефонија, дистрибуција на медиумски содржини и широкопојасен пристап на интернет на словенечките корисници. Телемах е во крајна сопственост на фондови советувани од БЦ Партнерс. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневните деловни активности на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

БЦ Партнерсима регистрирано присуство во РепубликаСеверна Македонија преку следните индиректно зависни друштва:

- Тотал ТВ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на Булевар ВМРО бр. 3, Центар, Скопје, кое врши дистрибуција на медиумски содржини преку DTH техничка платформа, и

- ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, кое врши маркетиншки дејности.

**Елкател, д.о.о.** претставува телекомуникациски оператор активен на подрачјето на Пиран во Словенија, кој на корисниците во Република Словенија им ги обезбедува следниве услуги: фиксна телефонија; широкопојасен пристап на интернет; дистрибуција на медиумски содржини и од неодамна мобилна телефонија.

Елкател, д.о.о. нема регистрирани зависни друштва во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

25..03.2020 година
Скопје